# Г Р А Д   С К О П Ј Е

Врз основа на член 5 од Правилникот за начин, услови и постапка за доделување на парична помош на социјално загрозени лица кои се погодени од енергетската и финансиска криза бр.08-5586/1 од 29.05.2023, а во врска со Одлуката за определување на максимален износ за доделување парична помош на социјално загрозени лица, кои се погодени од енергетската и финанискaта криза, жители на Скопје, (“Службен гласник на Град Скопје'' број 08/23), Град Скопје објавува

## ЈАВЕН ПОВИК
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНА ПОМОШ НА СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ ЛИЦА КОИ СЕ ПОГОДЕНИ ОД ЕНЕРГЕТСКАТА И ФИНАНСИСКАТА КРИЗА ВО 2023 ГОДИНА

### 1. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

1.1. Предмет на јавниот повик е доделување на парична помош на граѓани-жители на град Скопје, кои припаѓаат на социјално загрозени категории и кои се погодени од енергетската и финансиската криза, преку исплата на средства на нивните трансакциски сметки .
1.2. Средствата што Град Скопје ќе ги доделува како парична помош се во износ од 3000 денари по лице (еднократно), со вклучен данок на личен доход.
1.3. Средствата од точка 1.2. се обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2023 година, во вкупен износ од 15.000.000 денари
1.4. Јавниот повик ќе трае заклучно со 09.08.2023 година или до исцрпување на предвидените финансиски средства од Буџетот на Град Скопје за оваа намена, во зависност од тоа кој услов ќе настапи прв.
1.5. Пристигнатите барања во Архивата на Град Скопје ќе бидат евидентирани со точно време на поднесување (датум, час и минута) и истите ќе бидат разгледувани по редослед според датумот и времето на пристигнувањето.

### 2. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Право на учество на јавниот повик имаат граѓаните од социјално ранливи категории - жители на градот Скопје (во општините: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари), кои ги исполнуваат условите од овој јавен повик до исцрпувањето на буџетот наменет за јавниот повик, но не подоцна од 09.08.2023 година.

### 3. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Барателот треба да ги исполни следниве услови:

- да е жител на градот Скопје (во општините: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари);
- Барателот да припаѓа на социјално ранлива категорија на граѓани, и тоа:
  - примател на гарантирана минимална помош,
  - пензионер со пензија до 15.000 денари, или
  - стечаен работник.

### 4. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

4.1. За добивање на парична помош и докажување дека условите за учество на јавниот повик се исполнети, барателот е должен да ја поднесе следната документација:

- пополнето барање за доделување на парична помош за социјално загрозени лица погодени од енергетска и финансиска криза во 2023 година (барањето ќе биде објавено на интернет страницата на Град Скопје: www.skopje.gov.mk).
- нотарски заверена изјава дека барателот е согласен неговите лични податоци да се користат исклучиво за оваа намена, дека барателот е жител на градот Скопје, дека припаѓа на социјално ранлива категорија (изјавата за барател, ќе биде објавена на интернет страницата на Град Скопје: www.skopje.gov.mk).
- Потврда дека барателот е: лице примател на гарантирана минимална помош (Потврда издадена од подрачните одделенија на Меѓуопштински Центар за социјални работи на Град Скопје)

- Пензионер со пензија до  15.000 денари (чек од последна примена пензија за месец јуни/ јули)
- Стечајни работници: Потврда од агенција за  вработување дека  барателот е  стечаен работик
- Копија од предната страна на трансакциска сметка (исклучиво лична на барателот, не ополномоштена од трето лице).
- Копија од  лична карта на барателот

4.2. Потребната документација, барателите ја поднесуваат до Комисијата за доделување  на парична  помош на социјално загрозени лица во 2023 година , преку Архивата на Град Скопје (барака 16) во затворен плик со назнака: До Сектор за јавни дејности – Комисија  за доделување  на парична помош за социјално загрозени лица,  жители на градот Скопје, за доделување  на  парична помош на социјално  загрозени лица  кои се погодени од енергенстака и финансиската  криза во 2023 година, секој работен ден од понеделник до петок, во период од 09:00 – 17:00 часот.
4.3. Во случај на неуредна (не читлива) документација, Комисијата го задржува правото да побара дополнување на документацијата преку Архивата на Град Скопје или скенирано по електронски пат na mail: socijala@skopje.gov.mk, кое ќе треба да се изврши во рок од 7 дена од денот на известување. Доколку дополнувањето не е извршено во предвидениот рок, поднесената документација во прилог на барањето ќе се смета за нецелосна и некомплетна.

**5. НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК**

5.1. За  утврдување  на исполнувањето на условите за доделување  на париччна помош, Градоначалникот на Град Скопје формира Комисија за  доделување  на парична помош на социјално загрозени лица во 2023 година (во понатамошниот текст : Комисија)
5.2. Исплатата на средствата  ќе се  врши сукцесивно, според редот на пристигнати барања, се до исполнување на предвидениот буџет за оваа намена.
5.3. Кога ќе бидат исцрпени предвидените финансиски средства, Град Скопје ќе го објави завршувањето на јавниот повик преку својата веб страница.
5.4. Градоначалникот на Град Скопје, на предлог на Комисијата донесува  Решение за доделување  на парична помош за баратели кои  ги исполниле  условите врз основа на  точка 3 од овој јавен повик
5.5. Во случај да не се прифати поднесеното барање, поради доставување на нецелосна или неуредна документација, или доколку барателот не ги исполнува условите од точка 3 од овој јавен повик, Комисијата ќе го извести барателот за причините поради кои барањето не е прифатено .

**ГРАД СКОПЈЕ**